ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# СУДИСКИ ПРАВИЛНИК

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Судискиот правилник ги одредува основните принципи на дејствување на организацијата на танцовите спортски судии во ТСФМ, како и нивните права, должности, условите и постапките за нивна квалификација и категоризација.

## II ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Член 2

Судиската Организацијата во ТСФМ се состои од Судиски Координатор и танцови спортски судии.
Судиската Организација е стручно тело на УО на ТСФМ.
Судискиот Координатор го предлага Претседателот на ТСФМ од списокот на танцови спортски судии со WDSF A лиценца, а го бира Управниот Одбор. Мандатот на Судискиот Координатор трае до завршување на мандатот на УО со можност на повторно бирање.
Судискиот Координатор може да биде разрешен и пред истекот на мандатот поради неактивност, неодговорно и несовесно однесување, занемарување на своите обврски, спортски и дисциплински прекршоци. Разрешувањето се врши со иста постапка како и бирањето.
Танцовите спортски судии мора да бидат членови на ТСФМ кои работат во склад со овој правилник и другите општи акти на ТСФМ.

Член 3

Судискиот Координатор ги има следните обврски:

- Судискиот координатор организира состаноци со лиценцираните танцови спортски судии најмалку два пати годишно и раководи со нив.
- Делегира и овластува лиценцирани танцови спортски судии за танцови спортски натпревари во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ
- Делегира и овластува лиценцирани танцови спортски судии за WDSF танцови спортски натпревари дома и во странство доколку WDSF или организаторот на тие натпревари побараат од ТСФМ делегирање на лиценцирани танцови спортски судии кои имаат соодветна судиска лиценца.
- Организира стручна обука на танцовите спортски судии најмалку два пати во годината.
- Организира и спроведува судиски испит за лиценцирање на танцови спортски судии.
- Должен е на кандидатите да им обезбеди материјали потребни за подготовка на испитот.
- Работи на континуирано подобрување на квалитетот на судењето.
- Ја следи активноста на танцовите спортски судии на танцовите спортски натпревари во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ и WDSF.
- Предлага измени во Судските правилник и останатите регулативи кои ја третираат судиската проблематика во ТСФМ.
- Доставува предлог до Управниот Одбор на ТСФМ за танцов спортски судија - кандидат за добивање на WDSF судиска лиценца врз основа на критериумите дефинирани во

овој правилник и правилата и регулативите на WDSF.
- Предлага поведување дисциплинска постапка.
- Други обврски поврзани со судиската проблематика во ТСФМ.

## III ИСПИТ ЗА ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА

Член 4

Судискиот Координатор доставува предлог за испитна комисија за судиски испит до Управниот Одбор на ТСФМ кој ја носи конечната одлука за нејзиниот состав.
Испитната комисија се состои од 3 члена кои имаат активна WDSF судиска А лиценца.
Претседател на испитната комисија е членот со WDSF судиска А лиценца со најмногу дисциплини.
Судискиот координатор е член на испитната комисија.
Член на испитната комисија може да биде и странски танцов судија.
Испитната комисија донесува конечна оценка и подготвува извештај. Судискиот координатор го доставува извештајот до Управниот Одбор на ТСФМ.
Врз основа на извештајот Управниот Одбор на ТСФМ носи одлука за издавање соодветна судиска лиценца на кандидатите кои успешно го положиле судискиот испит.

Член 5

Кандидатот доставува пријава за полагање за судиска лиценца од соодветна категорија кај Генералниот Секретар.
Во пријавата мора да бидат наведени категоријата и лиценцата за кои кандидатот се пријавува.
Генералниот Секретар ја комплетира пријавата и ја доставува до Судискиот Координатор.
Судискиот Координатор составува листи на кандидати за полагање на судиски испит и ги доставува до Управниот Одбор на ТСФМ кој ја носи конечната одлука за организација на испитот.

Член 6

Испитот за танцов спортски судија е составен од:

1. ПИСМЕН ДЕЛ

- Судиски правилник
- Натпреварувачки правилник
- Критериуми за судење
- Кодекс на однесување
- Скејтинг Систем (без правило број 10 и 11)

2. ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

- Судење на натпревари (практична обука за конкретна судиска категорија и лиценца)
- Програма на основни танцови фигури (basic) за стандардни и латиноамерикански спортски танци или карактеристиките на дисциплините на модерните спортски танци

Член 7

Испитот за главен танцов спортски судија е составен од:
- Судиски правилник
- Натпреварувачки правилник
- Правилник за облекување
- Кодекс на однесување
- Скејтинг систем

## IV КАТЕГОРИЗАЦИЈА И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ТАНЦОВИТЕ СПОРТСКИ СУДИИ

Член 8

Танцовите спортски судии се распоредени во следните категории прикажани во табелата:

| Категорија | Вид на лиценца | Танцови спортски дисциплини |
|---|---|---|
| **Танцов спортски судија** | **Ц лиценца** | Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци |
| | **Ц лиценца** | Модерни спортски танци |
| | **Б лиценца** | Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци |
| | **Б лиценца** | Модерни спортски танци |
| **Национален танцов спортски судија** | **А лиценца** | Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци |
| | **А лиценца** | Модерни спортски танци |
| | **Главен судија** | Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци |
| | **Главен судија** | Модерни спортски танци |
| **Меѓународен танцов спортски судија** | **WDSF судиска лиценца** | Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци |
| | | Модерни спортски танци |

Член 9

Услови и начин за добивање на судиска лиценца за **танцов спортски судија:**

| **ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА** | |
|---|---|
| Вид на лиценца | Услови и начин на добивање |
| **Ц ЛИЦЕНЦА**<br>Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци | - треба да е полнолетен<br>- да не е активен танчер спортист<br>- Во периодот од завршувањето на натпреварувачката кариера до моментот на пријавување за кандидат за добивање на танцова судиска лиценца да нема прекин на членство во ТСФМ повеќе од две (2) години или<br>- четири (4) години континуирано да биде член на ТСФМ<br>- да има постигнато минимум Б категорија во стандардни или латиноамерикански спортски танци согласно Натпреварувачкиот правилник на ТСФМ во возрасната група возрасни |

| | |
|---|---|
| | - Да помине две теоретски обуки (семинари) и две практични обуки (бодовни натпревари заклучно со возрасна група Младинци од сите категории) во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ, но не помалку од една година. Резултатите од практичната обука не влегуваат во пресметка на резултатите од официјалниот судиски панел<br>- да го положи судискиот испит за **Ц лиценца** |
| **Ц ЛИЦЕНЦА**<br>Модерни спортски танци | - кандидатот треба да е полнолетен<br>- да не е активен танчер спортист<br>- Во периодот од завршувањето на натпреварувачката кариера до моментот на пријавување за кандидат за добивање на танцова судиска лиценца да нема прекин на членство во ТСФМ повеќе од две (2) години или<br>- две (2) години континуирано да биде член на ТСФМ<br>- да бил активен танчер спортист континуирано две (2) години во А лига во групата на модерни спортски танци во возрасна група „возрасни“ или<br>- да е тренер на танчери спортисти во А лига во групата на модерни спортски танци најмалку две (2) години во континуитет<br>- Да помине две теоретски обуки (семинари) и две практични обуки (бодовни натпревари заклучно со возрасна група Младинци во сите дисциплини) во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ, но не помалку од една година. Резултатите од практичната обука не влегуваат во пресметка на резултатите од официјалниот судиски панел<br>- да го положи судискиот испит за **Ц лиценца** |
| **Б ЛИЦЕНЦА**<br>Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци | - да има активна Ц лиценца<br>- да помине две теоретски обуки (семинари) и да суди на минимум 4 бодовни натпревари во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ, заклучно со возрасна група Младинци од сите категории, но не помалку од една година<br>- На истите бодовни натпревари да има практична обука за судење на возрасна група постари младинци и возрасни од сите категории.<br>Резултатите од практичната обука не влегуваат во пресметка на резултатите од официјалниот судиски панел<br>- да го положи судискиот испит за **Б лиценца.** |
| **Б ЛИЦЕНЦА**<br>Модерни спортски танци | - да има активна Ц лиценца<br>- да помине две теоретски обуки (семинари) и да суди на минимум 4 бодовни натпревари во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ, заклучно со возрасна група Младинци во сите дисциплини, но не помалку од една година<br>- На истите бодовни натпревари да има практична обука за судење на возрасна група постари младинци и возрасни во сите дисциплини.<br>Резултатите од практичната обука не влегуваат во пресметка на резултатите од официјалниот судиски панел.<br>- да го положи судискиот испит за **Б лиценца**. |

Услови и начин за добивање на судиска лиценца за **Национален танцов спортски судија:**

| НАЦИОНАЛЕН ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА | |
|---|---|
| Вид на лиценца | Услови и начин на добивање |
| **А НАЦИОНАЛНА ЛИЦЕНЦА**<br>Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци | - да има активна Б лиценца<br>- да помине две теоретски обуки и да суди на минимум 4 бодовни натпревари во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ, сите возрасни групи, но не помалку од една година<br>- На националните шампионати и купови да има практична обука за судење на сите возрасни групи<br>Резултатите од практичната обука не влегуваат во пресметка на резултатите од официјалниот судиски панел<br>- да го положи судискиот испит за Национална А лиценца |
| **А НАЦИОНАЛНА ЛИЦЕНЦА**<br>Модерни спортски танци | - да има активна Б лиценца<br>- да помине две теоретски обуки и да суди на минимум 4 бодовни натпревари во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ, сите возрасни групи, но не помалку од една година<br>- На националните шампионати и купови да има практична обука за судење на сите возрасни групи. Р<br>Резултатите од практичната обука не влегуваат во пресметка на резултатите од официјалниот судиски панел<br>- да го положи судискиот испит за Национална А лиценца. |
| **ГЛАВЕН СУДИЈА**<br>Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци<br><br>Модерни спортски танци | - да има активна Национална А лиценца најмалку 2 години континуирано<br>- да има судено на најмалку 6 танцови спортски натпревари во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ<br>- да ги посетува сите организирани судиски семинари во текот на календарската година<br>- да не бил дисциплински казнуван последните 4 години и да не прекршил кодексот на однесување<br>- да го положи судискиот испит за главен судија |

- По добивањето на Националната А лиценца танцовиот спортски судија е должен да ги посетува сите организирани судиски семинари во текот на календарската година.

- Ова се смета за еден од двата услова (покрај финансиските обврски за судиска лиценца според финансиските регулативи на ТСФМ) за продолжување на судиската лиценца во наредната календарска година.

- Доколку било кој од наведените услови за продолжување на судиската лиценца не е задоволен, танцовиот спортски судија автоматски добива статус на мирување. Овој статус трае се до моментот на исполнување на двата услова, но не повеќе од две години после кои добива статус на неактивна лиценца.

Услови и начин за добивање на судиска лиценца за **Меѓународен танцов спортски судија:**

| **МЕЃУНАРОДЕН ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА** | |
|---|---|
| Вид на лиценца | Услови и начин на добивање |
| **WDSF ЛИЦЕНЦА** | - да ги исполнува важечките правила и критериуми на WDSF за добивање на WDSF судиска лиценца од било која класа<br>- Кандидатот поднесува барање со сите потребни документи за процесуирање за добивање на WDSF судиска лиценца од одредена класа до Генералниот Секретар на ТСФМ.<br>- Доколку бараната документација на кандидатот е комплетна согласно критериумите на WDSF, Генералниот Секретар на ТСФМ ја проследува до Судискиот координатор.<br>- Судискиот координатор изготвува извештај со предлог одлука за отпочнување на процесот за добивање на WDSF судиска лиценца од соодветна класа кој во координација со Генералниот Секретар го ставаат на точка на дневен ред на првата наредна седница на Управниот одбор на ТСФМ за прифаќање или одбивање на кандидатурата.<br>- Конечна одлука носи Управниот Одбор на ТСФМ.<br>- Врз основа на конечната одлука на УО понатамошната процедура ја спроведува Генералниот Секретар во координација со Судискиот Координатор, а во склад со важечките правила на WDSF. |

Член 10

Генералниот Секретар и Националниот Администратор ја водат евиденцијата за издадени WDSF лиценци.

## V КРИТЕРИУМИ ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ НА ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА

Член 11

Танцовиот спортски судија може да биде делегиран само под услов да има важечка судиска лиценца, и да не е поведена дисциплинска постапка.
При делегирање танцови спортски судии за танцови спортски натпревари Судискиот Координатор мора да го земе предвид рангот и важноста на танцовиот спортски натпревар, соодветната судиска лиценца и искуството на танцовиот спортски судија.

| **Вид на лиценца** | Стандардни, латиноамерикански и модерни латино спортски танци | Модерни спортски танци |
|---|---|---|
| | **Танцов спортски натпревар на кој танцовиот спортски судија со наведената судиска лиценца може да суди** | |
| **ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА** | | |
| **Ц ЛИЦЕНЦА** | **Бодовни натпревари**<br>Пионери 1, Пионери 2, М.Младинци и Младинци во B1, B2, D, C, B | **Бодовни натпревари**<br>Пионери 1, Пионери 2, М.Младинци и Младинци во Б лига и А лига |
| | **Бодовни натпревари**<br>Пионери 1, Пионери 2, М.Младинци | **Бодовни натпревари**<br>Пионери 1, Пионери 2, М.Младинци и |

| | | |
|---|---|---|
| **Б ЛИЦЕНЦА** | и Младинци во B1, B2, D, C, B<br>- практична обука за судење на возрасна група постари младинци и возрасни од сите категории | Младинци во Б лига и А лига<br>- практична обука за судење на возрасна група постари младинци и возрасни во сите дисциплини |
| **НАЦИОНАЛЕН ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА** | | |
| **А НАЦИОНАЛНА ЛИЦЕНЦА** | **Бодовни натпревари**<br>**Национални шампионати**<br>на сите возрасни групи во државата и странство | **Бодовни натпревари**<br>**Национални шампионати**<br>на сите возрасни групи во државата и странство |
| **МЕЃУНАРОДЕН ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА** | | |
| **WDSF ЛИЦЕНЦА** | - на сите видови национални танцови спортски натпревари во државата и во странство<br>- WDSF натпревари во државата и странство | |

## VI ОБВРСКИ И ДОЛЖНОСТИ НА ТАНЦОВИОТ СПОРТСКИ СУДИЈА

Член 12

Права и должности на танцовиот спортски судија се:

- да суди без предрасуди на сите спортски танцови натпревари согласно пропишаните критериуми за судење и во согласност со натпреварувачкиот правилник и останатите регулативи на ТСФМ и WDSF врзани за судиската проблематика и правилници
- Да постапи согласно правилниците на ТСФМ, прописите на Судискиот кодекс на однесување и етичките стандарди и со личниот пример да допринесува за ширење на угледот на ТСФМ
- да пристигне на местото на одржување на танцовиот спортски натпревар најмалку половина час пред официјалниот почетокот на танцовиот спортски натпревар и да го пријави своето присуство кај главниот танцов спортски судија и кај организаторот на танцовиот спортски натпревар
- Да присуствува на судискиот состанок кој го води главниот танцов спортски судија пред почетокот на танцовиот спортски натпревар
- Да биде објективен и да води сметка за регуларноста на судењето
- Да не комуницира со останатите танцови спортски судии за време на судењето
- Да не комуницира со танчерите спортисти, танцовите спортски тренери или претставниците на танцовите спортски клубови за време на танцовиот спортски натпревар
- Да не коментира за танцувањето од танцовиот спортски натпревар за време на паузите
- Навремено да го извести Судискиот Координатор и организаторот на танцовиот спортски натпревар во случај да е спречен да суди на танцовиот спортски натпревар за кој е делегиран како танцов спортски судија
- Да го почитува кодексот на облекување пропишан во овој правилник
- Да поднесе писмено образложение по барање на Судискиот Координатор кога неговото судење на танцовиот спортски натпревар значително отстапува од оценките на другите танцови спортски судии
- На барање на главниот танцов спортски судија да присуствува на анализата на судење веднаш по танцовиот спортски натпревар
- Редовно да присуствува на судиските семинари

- да плати годишна котизација за судиска лиценца **најкасно до 31-ви јануари** за тековната година.
- и други обврски дефинирани во правилата и нормативите на ТСФМ и WDSF.

## VII СУДИСКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ И ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ

Член 13

Судир на интереси е секој реален или можен интерес, однос или активност што е некомпатибилна со обврските на танцовиот спортски судија да им суди на танчерите спортисти според нивните квалитети, без фаворизирање или закани.

Конфликт на интереси се јавува кога личните интереси на танцовиот спортски судија влијаат или можат да влијаат на неговата / нејзината пресуда или активност што треба да биде во најдобар интерес на ТСФМ, односно во најдобар интерес за танчерите спортисти.

Танцовиот спортски судија мора да се придржува кон правилата за судир на интереси утврдени во Судскиот правилник за однесување и етика на стандарди и треба да бидат повлечени од панелот доколку се појави вистински или единствен можен судир на интереси.

Член 14

Судискиот кодекс на однесување и етичките стандарди подразбираат:

- Танцовиот спортски судија не смее да суди на ниту еден танцов спортски натпревар и мора да се повлече од судење ако знае / смета дека неговата физичка или ментална состојба го спречува да ја извршува својата работа правилно, без никакви ограничувања.
- Танцовиот спортски судија не смее да суди во одредена категорија на танцов спортски натпревар и мора да се повлече од панелот доколку еден од танчерите спортист е член на неговото или нејзиното потесно или пошироко семејство, вклучувајќи ги сите врски или е во близок контакт со некој од танчерите спортист што го спречува да ја извршува работата на танцов спортски судија. Во контекст на потесното семејство или поширокото семејство, се подразбира секој кој е поврзан со танцовиот спортски судија по семејство или брак, од потесното семејство, посвоителите или кој живее или престојува со танцовиот спортски судија.
- Танцовиот спортски судија не смее да прима финансиски средства, предмети од материјална вредност, услуги или ветувања кои се однесуваат на неговата иднина, било каков поклон или исплата за неговите услуги од било кој танчер спортист, организатор или од трето лице, а кое може да влијае на одлуката како танцов спортски судија.
- Танцовиот спортски судија не смее лажно да се претставува во врска со неговото/нејзината акредитирано ниво или искуство.
- Танцовиот спортски судија не смее да даде лажна изјава во врска со неговата/нејзината лиценца за танцов спортски судија.
- Танцовиот спортски судија не смее да се заканува дека танчерите спортисти ќе ги оценува на посебен начин, како би остварил некаква корист за себе или за некое трето лице или како би навел, натерал или одвратил танчер спортист од одредени активности кои непрописно би влијаеле на резултатот на танцовиот спортски натпревар.

- Танцовиот спортски судија во текот на судењето не смее да се заканува на танчер спортист кој се натпреварува, вклучувајќи закани дека ќе го оцени на посебен начин или користејќи го говорот на телото (израз на лицето, вербални кометари, ...) како непрописно би влијаел на резултатот на танцовиот спортски натпревар.
- Танцовиот спортски судија не смее да ги тренира, подучува, дава совети на танчерите спортисти во текот на танцовиот спортски натпревар на кој суди.
- Танцовиот спортски судија не смее јавно да го поддржува танчерот спортист на кого му суди.
- Танцовиот спортски судија не смее на било кој начин непрописно да влијае или да се заканува на друг танцов спортски судија.
- Танцовиот спортски судија не смее да ги искажува своите коментари на било кој друг танцов спортски судија кој суди на истиот танцов спортски натпревар во врска со квалитетот на изведувањето на некој танчер спортист пред завршувањето на финалето.
- Танцовиот спортски судија не смее со танчер спортист да го коментира квалитетот на изведување пред завршување на финалето.
- Танцовиот спортски судија не смее на било кој начин да влијае врз резултатот на танцовиот спортски натпревар, освен со оценување на сите танчери спортисти според квалитетот на нивната изведба.
- Танцовиот спортски судија не смее да ги оценува танчерите спортисти на било кој друг начин освен на оној кој е во склад со нивниот квалитет.
- Танцовиот спортски судија не смее да биде учесник во било какви активности кои можат неправедно да влијаат на некој танчер спортист во однос на другите.
- Танцовиот спортски судија не смее лажно да тврди дека го застапува ТСФМ по било која основа.
- Танцовиот спортски судија доколку во текот на танцовиот спортски натпревар комуницира со другите танцови спортски судии, публика, танчери спортисти или танцови спортски тренери, не смее да го коментира изведувањето на некој танчер спортист на кој му суди до завршување на финалето во сите дисциплини во кои танчерот спортист учествува.
- Танцовиот спортски судија не смее да конзумира алкохол или недозволени материи пред почетокот или во текот на танцовиот спортски натпревар до објавување на резултатите.
- Танцовиот спортски судија не смее да се однесува на било каков начин со кој би го нарушил угледот на ТСФМ или на танцовиот спортски натпревар и
- и се друго според важечките правила и регулативи на ТСФМ и WDSF.

член 15

Танцовите спортски судии со својот статус бараат доверба. Во тој поглед, од нив се бара повисоко ниво на однесување во однос на други лица пред, за време и после танцовиот спортски натпревар на кои тие судат.

Танцовите спортски судии мора да ги почитуваат следните правила за да можат да ги поддржат највисоките стандарди на однесување:

- Однесувањето на танцовиот спортски судија на или надвор од танцовиот подиум мора да ги вклучи принципите на фер-игра. Танцовиот спортски судија не смее да се однесува на сомнителен или несоодветен начин во јавност или било која функција која е поврзана

со спортскиот танц или на било кој настан во кој членовите на јавноста се присутни во одреден број (танчери спортисти, публика и медиуми).
- Танцовиот спортски судија мора да биде одлучен, објективен и неутрален во своите одлуки. Со фаворизирањето во судењето го потценува танцовиот спортски натпревар.
- Танцовиот спортски судија не смее јавно да ги доведе во прашање пресудата, искреноста или искрените намери на останатите танцови спортски судии.
- Танцовиот спортски судија мора да ги одржува и развива своите судиски способности со тоа што секогаш ќе биде информиран за развивањето на техниката и стилот, валидните програми за натпреварување, како и сите одредби од Натпреварувачкиот правилник на ТСФМ во врска со перформансите на танчерите спортисти.
- Пприлагодувајќи го своето знаење, искуство и способности врз судиските критериуми за судење на танцов спортски натпревар, танцовиот спортски судија не смее да користи непотребни, необични или догматски толкувања на стилот.

член 16

Основните барања на судиските правила за однесување за секој танцов спортски судија кој суди на еден танцов спортски натпревар се:
- Навремено доаѓање на местото на одржување во нормална физичка и психичка состојба
- Пријавување на своето присуство кај организаторот и Главниот танцов спортски судија
- Проверување на распоредот на танцовиот спортски натпреваро
- Однесувањето во текот на танцовиот спортски натпревар мора да биде во склад со чувањето на угледот на спортскиот танц и ТСФМ
- Облекувањето мора да биде во склад со овој правилник и основните норми на пристојност.

Во текот на танцовиот спортски натпревар танцовите спортски судии треба да:
- стојат или седат одвоено еден од друг и на доволна оддалеченост како не би им сметале на танчерите спортисти,
- да заземаат соодветна позиција како би ги виделе сите танчери спортисти,
- да судат независно, не споредувајќи ги своите белешки со другите танцови спортски судии,
- да го пополнат и потпишат ливчето за оценување и да ја потпишат секоја поправка која ја направиле,
- доколку се користи електронски систем на оценување, танцовиот спортски судија е должен да се пријави со своето име и презиме, како и пред почетокот на танцовиот спортски натпревар детално да се информира кај главниот танцов спортски судија околу користењето на електронскиот систем на оценување,
- не е дозволено да се дознаваат резултатите или оценките од другите танцови спортски судии пред завршување на натпреварот.

## VIII ПРАВА И ОБВРСКИ НА ГЛАВНИОТ ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА

член 17

За време на танцовиот спортски натпревар главниот танцов спортски судија назначен од

Судискиот Координатор е овластен и должен да се придржува кон почитување на правилата во Судискиот правилник, Натпреварувачкиот правилник, Кодексот на однесување, Правилникот за облекување, Скејтинг системот и во склад со истите да гарантира дека танцовиот спортски натпревар ќе се одржи регуларно.
Главниот танцов спортски судија има право да го одложи почетокот или да донесе одлука за престанок на танцовиот спортски натпревар доколку не постојат или во текот на танцовиот спортски натпревар се повредени условите за регуларно одржување пропишани со правилниците на ТСФМ.
Главниот танцов спортски судија е должен да ја објасни својата одлука за одложување или прекинување на танцовиот спортски натпревар написмено до Судискиот координатор и Управниот Одбор на ТСФМ.
Сите приговори од официјалните претставници на танцови спортски клубови членки на ТСФМ, во врска со танцовите спортски судии на танцовиот спортски натпревар мораат да бидат внесени од Главниот танцов спортски судија за време на танцовиот спортски натпревар во писмена форма, со задолжителен потпис.

Доколку главниот танцов спортски судија со право смета дека некој танцов спортски судија, кој е член на панелот ги прекршил одредбите на Судскиот правилник, тој / таа е овластен и должен да го информира танцовиот спортски судија за постапката против него / неа, да го слушне неговиот / нејзиниот одговор и потоа да постапи согласно одредби на правилникот.
Главниот танцов спортски судија има право официјално да опомене, да го замени танцовиот спортски судија или да најде соодветна замена за да продолжи танцовиот спортски натпревар.

Главниот танцов спортски судија во извештајот мора да ги документира сите инциденти или приговори во врска со недолично однесување на танцовиот спортски судија, танчерите спортисти или официјални лица на танцовите спортски клубови било да се забележани, сомнителни или вистинити, без разлика дали истиот е основан и дали има докази за тоа или не. Извештајот од танцовиот спортски натпревар се приложува до Судискиот Координатор, кој ќе одлучи дали има потреба од понатамошна истрага. Судискиот Координатор на ТСФМ за секој ваков случај ќе го информира Управниот одбор на ТСФМ кој ќе го земе во предвид, со или без препорака.

Доколку се утврди дека главниот танцов спортски судија внел невистини во својот извештај во врска со инцидентот или лошото однесување на танцовиот спортски судија, тој автоматски ќе биде суспендиран за период од 12 месеци.
Главниот спортски судија е должен пред секој танцов спортски натпревар на сите танцови спортски судии да им го претстави начинот на пополнување на судиските ливчиња или употребата на електронска опрема.
Главниот спортски судија е должен да го следи однесувањето на сите танцови спортски судии за време на танцовиот спортски натпревар и доколку е потребно да свика анализа на судењето веднаш по танцовиот спортски натпревар.
Главниот спортски судија е должен до Судискиот координатор написмено да ја објасни својата одлука за дисквалификација.

## IX  ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ ПРОТИВ ТАНЦОВ СПОРТСКИ СУДИЈА

член 18

Доколку танцовиот спортски судијата:
- очигледно ги прекршува одредбите на овој Правилник или на кој било начин лошо се однесува, намерно прекршува некое од дадените правила или
- учествува во било какви активности што според мислењето на Судскиот координатор се штетни за интересите на ТСФМ,
- јавно презентира невистини, неосновани обвинувања, навреди и омаловажување на ТСФМ и други лица во функција на ТСФМ
- се појавува јавно во медиумите (ТВ; радио, интернет) презентирајќи невистини, неосновани обвинувања, навреди и омаловажување на ТСФМ и другите лица во функција на ТСФМ
- го нарушува угледот на ТСФМ во земјата
- го нарушува угледот на ТСФМ и Р.С.М. на меѓународни танцови спортски натпревари

Судскиот координатор на ТСФМ има право да укори одреден танцов спортски судија или да побара поведување на дисциплинска постапка против тој танцов спортски судија. Судскиот координатор на ТСФМ мора секогаш да даде писмено објаснување за причините на својата одлука.

Член 19

Оценувањето и пресметката на резултатите во електронскиот систем се дефинирани во Натпреварувачкиот Правилник на ТСФМ. Во електронското оценување танцовиот спортски судија може да ја поправи својата грешка кај танцовиот скрутинер само со согласност и присуство на Главниот танцов спортски судија.
При пополнување на листовите за оценување, доколку судењето не може да се реализира со електронски систем на оценување, направената грешка за време на оценувањето ја корегира танцовиот спортски судија кој ја направил,  на сопствена или со интервенција на главниот танцов спортски судија, а пропустот на танцовиот спортски судија се евидентира на самиот лист за оценување потпишан од танцовиот спортски судија и главниот танцов спортски судија. Ваквите грешки може да бидат санкционирани во согласност со Судискиот правилник, во спротивно Главниот танцов спортски судија е одговорен.

Член 20

Танцовиот спортски судија ја губи судиската лиценца доколку Управниот Одбор на ТСФМ донесе одлука за одземање на судиската лиценца.
Судискиот Координатор дава предлог до Управен Одбор за суспензија на  танцов спортски судија:
- ако не се појави на судење за кое е делегиран, односно не се јави на Судискиот координатор и не даде оправдана причина за отсуството, најдоцна 72 часа пред почетокот на танцовиот спортски натпревар.
- ако не се придржува кон правилата за облекување кои се дадени во овој Правилник
- ако е званично опоменат од страна на главниот танцов спортски судија за кршење на членовите 15 и 16 од овој Правилник.

Доколку танцовиот спортски судија не присуствува на судиски семинари за лиценцирање во организација на ТСФМ Судискиот Координатор е обврзан да поведе дисциплинска постапка и да предложи изрекување на суспензија во период од 6 месеци.

## X КОДЕКС ЗА ОБЛЕКУВАЊЕ ЗА ТАНЦОВИТЕ СПОРТСКИ СУДИИ

член 21

На сите танцови спортски натпревари организирани од ТСФМ, машките танцови спортски судии мораат да бидат облечени во црни или тегет костуми, бела кошула, официјална вратоврска на ТСФМ и црни класични чевли, а женските танцови спортски судии мораат да бидат облечени во црни или тегет костуми со пантолони или сукња под колена, бела кошула, официјална марама на ТСФМ и црни класични чевли.

## XI ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТАНЦОВИ СПОРТСКИ СУДИИ ЗА ТАНЦОВ СПОРТСКИ НАТПРЕВАР

член 22

Судискиот Координатор ги определува танцовите спортски судии на судискиот панел и главниот танцов спортски судија за секој танцов спортски натпревар во тековната година по принцип на редоследна ротација од соодветните листи на танцовите спортски судии согласно календарот за танцови спортски настани за тековната година.
Организаторот е должен навремено да ги извести сите танцови спортски судии кои се определени за одреден танцов спортски натпревар за точното место на одржување и времето на почеток на тој танцов спортски натпревар, најдоцна 7 (седум) дена пред денот на оддржување на танцовиот спортски натпревар.
Танцовите спортски судии со WDSF лиценца, Национална А лиценца и Б лиценца имаат право на исплата на дневница и патни трошоци од страна на организаторот на танцовиот спортски натпревар согласно важечките финансиските регулативи на ТСФМ.

член 23

Танцовиот спортски судија не може да биде определен да суди на танцов спортски натпревар ако:

- нема валидна лиценца за танцов спортски судија од ТСФМ,
- против него е изречена дисциплинска мерка која не му дозволува да суди во определен период
- по сопствено барање танцовиот спортски судија бара да биде изземен од членување во судискиот панел за некој танцов спортски натпревар или за определен период, при што пропуштеното судење на некој/и танцови спортски натпревар/и не се надополнува во иднина.

## XI 1 БОДОВЕН НАТПРЕВАР

член 24

На секој бодовен натпревар за секоја конкретна дисциплина, возрасна група и категорија бројот на танцови спортски судии не смее да биде под 3 танцови спортски судии кои се со соодветна лиценца.
На секој бодовен натпревар има еден главен танцов спортски судија кој не суди.

## XI 2 НАЦИОНАЛНИ ШАМПИОНАТИ, КУПОВИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

член 25

На секој национален шампионат или куп за секоја конкретна дисциплина и возрасна група бројот на танцови спортски судии не смее да биде под 5 танцови спортски судии кои се со соодветна лиценца.
На секој национален шампионат или куп има еден главен танцов спортски судија кој не суди.
На секој национален шампионат или куп за секоја конкретна дисциплина и возрасна група судискиот панел мора да содржи и странски танцови спортски судии, но не помалку од половина +1 од вкупниот број на танцови спортски судии.
Странските танцови спортски судии ги одредува организаторот и треба да поседуваат WDSF лиценца или највисока национална лиценца која им овозможува судење на националните шампионати и купови во државата од која доаѓа.
Доколку ТСФМ е организатор на националниот шампионат или куп, Управниот одбор одлучува за изборот на странски танцови спортски судии на судискиот панел во склад со горе наведените правила за ангажирање на странски танцови спортски судии. Предлог листа на странските танцови спортски судии во овој случај дава Судискиот Координатор.

член 26

За WDSF меѓународните натпревари танцовите спортски судии се определуваат според правилата на WDSF, а за меѓународните натпревари во рамките на системот за натпреварување на ТСФМ танцовите спортски судии ги определува организаторот на натпреварот.

## XII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 27

За сите спорни работи од овој правилник толкување дава Координаторот за Документарна проблематика.
Доколку и по даденото толкување од страна на Координаторот за Документарна проблематика спорните работи не се разрешени, се свикува Управниот Одбор на ТСФМ чија одлука е конечна.

член 28

Измени и дополнувања на овој правилник се вршат на начин и во постапка како што е донесен и овој правилник.

член 29

Овој правилник стапува во сила на денот на неговото донесување 14.10.2020 со што по автоматизам престанува да важи Судиски правилник од 15.02.2004 година.

Скопје, 14.10.2020 година

Претседател на ТСФМ
Влатко Павлески